# ПОРАКА

Гласило на Републичкиот центар за поддршка на лица со интелектуална попреченост Број 1 година XXIX



Владимир Талески, Градоначалник на Општина Битола,
на отворањето на Социјалнот клуб на ЦПЛИП - ПОРАКА Битола,
на 2 Април 2016 година

## СОДРЖИНА

2 страна
**Програмски активности на РЦПЛИП - ПОРАКА во 2016 г.**

3 страна
**Учество во европски проект: Рана инклузија преку учење едни од други**

4 и 5 страна
**Резолуција на ЕДФ за локална имплементација на Конвенцијата**

6, 7, 8 и 9 страна
**Декларација за образование на ЕАСПД**

10 страна
**Учество во европски проект: Кон европски вредности - лицата со попреченост како еднакви граѓани**

11 страна
**Да растеме заедно: од локални иницијативи до национални стратегии за рана интервенција**

12 страна
**Донации и поддршка од бизнис сектор**

13 , 14 и 15 страна
**Активности на сервисните служби и локалните организации на РЦПЛИП - ПОРАКА**

16 страна
**Отворен социјален клуб за лица со интелектуална попреченост во Битола**

**"ПОРАКА"**
*Гласило на Републичкиот центар за поддршка на лица со интелектуална попреченост - ПОРАКА*
**Гласилото излегува секои 3 месеци**

**Главен и одговорен уредник:**
**Виолета Димоска**

**Уредувачки одбор:**
**Василка Димоска**
**Владо Крстовски**
**Маја Гацоска**

**Печати:**
*Дата Понс, Скопје*
*Тираж 1.000 примероци*
**Март 2016 г. Број 1, год. XXIX**

*Адреса на РЦПЛИП - ПОРАКА:*
*"Орце Николов" бр. 122, 1000 Скопје;*
*тел.: 329 69 61; факс: 329 69 60*
E-mail: **poraka@t-home.mk**
Web: **www.poraka.org.mk**

**Според Министерството за култура на РМ, со одлука 07-2613/2, за гласилото ПОРАКА се плаќа повластена даночна стапка од 5%.**

***Дадените согледувања и употребуваната терминологија во одредени написи од одредени автори не го одразуваат официјалното мислење и ставови на РЦПЛИП - ПОРАКА.***

# Програмски активности на РЦПЛИП - ПОРАКА во 2016 година

Републичкиот центар за поддршка на лица со интелектуална попреченост - ПОРАКА во 2016 година ќе продолжи со реализација на активностите кои произлегуваат од поставените цели и принципи на делување.

Една од основните активности на РЦПЛИП - ПОРАКА е одржување, развивање и унапредување на работата во социјалните сервисни служби. Во 2016 година, РЦПЛИП - ПОРАКА ќе продолжи да лобира за воведување на соодветни регулаторни механизми кои ќе овозможат еднаков пристап на НВО секторот во областа на пружање на услуги од социјалната заштита преку лиценцирање и склучување на договори за партнерски односи и финансирање на активностите во дневните центри. Во текот на 2016 година РЦПЛИП - ПОРАКА ќе продолжи со иницирање на локалната самоуправа, со цел активно да учествува во процесот на одржливоста и отворањето на нови дневни центри во своите општини, согласно Законот за локална самоуправа. Воедно, РЦПЛИП - ПОРАКА ќе продолжи и со своите активности во насока на промовирање на нови сервисни служби за поддршка на лица со интелектуална попреченост со посебен фокус на сервисните служби за рана интервенција.

Унапредувањето на законските можности за остварување на човековите права на лицата со интелектуална попреченост е редовна континуирана активност на РЦПЛИП - ПОРАКА. Во 2016 година, особено внимание ќе се посвети на процесот на имплементација на Конвенцијата на ОН за правата на лицата со попреченост, како исклучително значаен документ кој има правно-обврзувачки карактер за државите кои го имаат ратификувано. Истовремено, РЦПЛИП - ПОРАКА ќе продолжи да го употребува извештајот како инструмент за лобирање пред институциите кои се одговорни за остварување и унапредување на човековите права на лицата со интелектуална попреченост.

Во текот на 2016 година, РЦПЛИП - ПОРАКА ќе продолжи да имплементира активности поврзани со подигнување на јавната свест во однос на потребите и правата на лицата со интелектуална попреченост и нивните семејства. Овие активности претставуваат програмско продолжение на досегашните кампањи на РЦПЛИП - ПОРАКА, а ќе бидат насочени кон истакнување на потребата од ефективно имплементирање на Конвенцијата на ОН за правата на лицата со попреченост, и промовирање на правото на достоинствен живот во заедницата за лицата со интелектуална попреченост, преку соодветни сервисни служби.

Заради поефективно остварување на програмските задачи на локалните организации, дел од редовните активности на РЦПЛИП - ПОРАКА, како во изминатите, така и во 2016 година, ќе бидат насочени кон координација и стручно-методолошка поддршка на локалните организации. Понатаму, РЦПЛИП - ПОРАКА ќе продолжи со спроведување на спортско рекреативните активности за корисниците на дневните центри, кои имаат повеќекратни придобивки како за самите лица со интелектуална попреченост, така и за нивните семејства, но и за персоналот кој работи во дневните центри. Во 2016 година РЦПЛИП - ПОРАКА ќе продолжи и со соработката воспоставена на меѓународно ниво со ЕАСПД и други асоцијации и ќе учествува во заеднички иницијативи, активности и проекти кои произлегуваат од членството во овие организации. РЦПЛИП - ПОРАКА исто така ќе продолжи со спроведувањето на активностите кои произлегуваат од активностите во рамките на партнерските проекти кои се реализираат на европско ниво. Исто така и издавачката и информативната дејност, која е редовна активност на РЦПЛИП - ПОРАКА, ќе се спроведува во 2016 година.

Програмата за работа на Републичкиот центар за поддршка на лица со интелектуална попреченост - ПОРАКА за 2016 година е отворена и може да се надополнува во текот на нејзината имплементација.

## Партнерство на РЦПЛИП - ПОРАКА во европски проект во програмата Еразмус +

# Рана инклузија преку учење едни од други

Конвенцијата на ОН за правата на лица со попреченост што е ратификувана од повеќето европски земји предвидува инклузивно образование за сите. Во рамките на тој контекст, повеќето европски земји ја изразија својата политичка волја да ги имплементираат филозофиите и концептите на инклузијата во сите нивоа од политиките и сервисните служби кои се поврзани со различни прашања за лицата со попреченост (Стратегијата на Европската унија за паметен, одржлив и инклузивен раст; Стратегијата на ЕУ за попреченост 2010-2020). Сепак, може да се забележи значаен недостиг на методологии и споделување на знаења во ова поле. Професионалците кажуваат дека постои огромна потреба од информации, обука и конкретни ресурси. За таа цел, се креираше конзорциум од десет партнери на ниво на Европа, кои започнаа со имплементација на проект „Рана инклузија". РЦПЛИП - ПОРАКА е еден од партнерите во овој проект, кој се спроведува во рамките на Еразмус+ програмата на Европската комисија. Проектот се фокусира на зголемено знаење и споделени методи во односот со деца од предучилишна возраст кои имаат попреченост или се во ризик да стекнат попреченост. Проектот има за цел да пренесе информации, конкретни методологии и процена на компетенции.

### ИНФОРМАЦИИ

Информациите се однесуваат на она што на децата со попреченост им е потребно и како професионалците можат да ги поддржат овие деца во редовното образование и со цел да се избегне подоцнежното исклучување и неуспех. Информациите се споделуваат преку Информативни пакети за инклузија. Овие пакети за инклузија се состојат од два дела:

- Листи со информации поврзани со образовните потреби на децата со пречки во развојот во однос на состојбите од аутистичниот спектар, фетален алкохолен спектар на нарушувања, сензорни оштетувања, ретки хромозомски нарушувања, предвремено раѓање, ментално здравје, фрагилен Х синдром, ефекти од употреба на droги, недостаток на внимание и хиперактивност (растројство во активноста, вниманието и хиперактивност) и приврзаност.
- Специфични вежби и прашања за размислување - врз основа на моделот на резултати од учење и нивоата на Европската рамка за квалификации.




Листите со информации, специфичните вежби и прашањата за размислување се веќе достапни на веб страната креирана во рамките на овој проект.

### КОНКРЕТНИ МЕТОДОЛОГИИ

Конкретните методологии се однесуваат на размена на веќе утврдена добра секојдневна практика и преку споделување на релевантни искуства меѓу професионалците кои работат со деца во образовниот процес. Размената на конкретни методологии ќе се реализира преку пазар за методи на инклузија кој наскоро ќе биде достапен на веб страната на проектот. Пазарот за методи на инклузија е „Самоорганизирано, методолошко онлајн пазарно место за размена". Професионалците од различни сектори се поканети да опишуваат/прикачуваат успешни ситуации на инклузија. Тие конкретни ситуации служат како методолошки збир на идеи и можности за учење за другите корисници.

### ПРОЦЕНА НА КОМПЕТЕНЦИИ

Процената на компетенции се однесува на неформално учење на работното место во насока на инклузијата. Проценка на компетенции ќе се спроведува преку пасош за инклузивна обука. Пасошот за инклузивна обука служи како платформа каде неформалните процеси на учење ќе станат транспарентни и ќе овозможат врска до актуелните иницијативи на ЕУ во полето на сертификација и еквивалентност. Онлајн алатката ги следи самоорганизираните активности за учење (на пр., самоорганизирано учење врз основа на информативните пакети, размена на активности во пазарот) и вклучува испробани и тестирани практични активности за обука. Со стекнувањето на ваквиот пасош корисниците на проектот ќе можат да добиваат индивидуални поени (кредити) во нивното портфолио.

Проучувајќи ги „Инклузивните пакети за инклузија" и учењето за „Пазарот за методи на инклузија" придонесуваат за стекнување на индивидуални поени (кредити) во портфолиото на корисникот. Тоа портфолио може да се прошири преку учество во настаните за мултипликација кои се во рамките на проектот или други работилници/семинари во полето на инклузијата.

Повеќе за конзорциумот на проектот, материјалите, алатките, ширење на информациите, настани, учество и корисни линкови можете да најдете на: **www.eurly-inclusion.eu** и **office@sinn-evaluation.at** Материјалите се на достапни на англиски, германски, француски, унгарски, македонски и турски јазик.

Активности на Европскиот форум за попреченост (ЕДФ)

# Резолуција за имплементација на Конвенцијата на ОН за права на лица со попреченост на локално ниво во Европа

На 12-ти и 13-ти март 2016 година, се одржа состанок на Одборот на Европскиот форум за попреченост (ЕДФ) во Амстердам, чиј домаќин беше холандската членка Ieder(in), а поддржан од холандското министерство за здравство, социјала и спорт. Претставници на организации на лица со попреченост од цела Европа дискутираа, меѓу другото, за улогата на општините во имплементирањето на Конвенцијата на ОН за правата на лица со попреченост, ситуацијата на бегалците и мигрантите со попреченост и референдумот на Обединетото кралство за членството во ЕУ што наскоро треба да се одржи.

Како претставник на Националниот совет на инвалидски организации на Македонија на настанот учествуваше Владо Крстовски, претставник на РЦПЛИП - ПОРАКА во Советот на НСИОМ.



Во текот на првиот ден се одржа конференција со наслов „Од глобално на локално ниво: градење на инклузивни локални заедници со ЕУ перспектива". Martin Van Rijn, државен секретар на холандското министерство за здравство, социјала и спорт, говореше за одговорноста што ја има владата во однос на промовирањето на самостојно живеење и целосно учество на лицата со попреченост во општеството на еднаква основа со останатите.

Emmanuelle Grange, шеф на одделението за попреченост и инклузија при Европската комисија, нагласи дека деинституционализацијата е врвен приоритет за Европската комисија и дека сметаат на придонесот од локалните организации на лица со попреченост. Таа исто така ја истакна важноста од претстојниот социјален столб на ЕУ, и интензитетот на дискусиите во Советот за Европскиот акт за пристапност.

Претставниците на општините, локалните организации на лица со попреченост и Европската мрежа за самостојно живеење (ЕНИЛ) ги разменија своите знаења и искуства за тоа како се имплементира Конвенцијата на ОН на регионално и на локално ниво, и како лицата со попреченост се вклучени во тој процес.

ЕДФ и неговите членки усвоија резолуција со која ги повикуваат европските институции да усвојат насоки и да овозможат поддршка за локалните и за регионалните власти во однос на имплементацијата на Конвенцијата на ОН; и да се вклучат лицата со попреченост и нивните организации во процесот.

### Резолуција за имплементацијата на Конвенцијата на ОН за правата на лица со попреченост на локално ниво во Европа

- Земајќи ја во предвид важноста на Конвенцијата на ОН за правата на лица со попреченост и фактот дека веќе се поминати 10 години од нејзиното усвојување од Генералното собрание на ОН;
- Земајќи во предвид дека ЕУ и скоро сите држави членки на ЕУ ја ратификуваа Конвенцијата на ОН за правата на лица со попреченост, и дека трите останати држави членки на ЕУ, Холандија, Финска и Ирска, работат на процесот на ратификација; Исланд е исто така во процес на ратификација;
- Потсетувајќи дека постојат 80 милиони лица со попреченост во ЕУ и дека тие се потпираат на пристапот до редовните локални сервисни служби и пристапот до сервисни служби за поддршка кои честопати се спроведуваат од локалните и регионалните власти;
- Прифаќајќи ги напорите што веќе се преземени од локалните и регионалните власти за имплементирање на Конвенцијата на ОН за правата на лица со попреченост, а со цел да се обезбеди дека нивните локални заедници се инклузивни;
- Потсетувајќи се дека Eleanor Roosevelt објаснила дека човековите права започнуваат на „мали места, блиску до домот - толку блиску и толку мали што не можат да се видат на било која мапа на светот. Сепак, тие се светот на поединецот; соседството во кое живее; училиштето или факултетот што го посетува; фабриката, фармата или канцеларијата каде работи. (...) Ако тие права немаат значење таму, многу мало им е значењето на други места".
- Истакнувајќи го фактот дека одговорноста за имплементацијата на Конвенцијата на ОН за правата на лица со попреченост честопати се пренесува на локално ниво, но ресурсите не се често наменети за инклузија на лицата со попреченост во заедницата, што создава нееднаквости помеѓу различни општини и региони;
- Потсетувајќи се дека поради економската криза, финансиските ресурси на локалните и регионалните власти се драстично намалени, попречувајќи ги нивниот капацитет да одговорат на потребите на лицата, и во неколку европски земји, дури лицата со попреченост биле присилени да се вратат во институциите и одделните места за живеење, што тие сакале да се во минатото;
- Нагласувајќи го фактот дека информациите што се шират за имплементацијата на Конвенцијата на ОН за правата на лица со попреченост не се пристапни во сите формати потребни за лицата со попреченост, што креира нееднаквости во пристапот до информации и знаење

## Активности на Европскиот форум за попреченост (ЕДФ)

(лесно читливи и со Брајово писмо, знаковен говор и преводи во секој аудиовизуелен медиум, итн.);
- Имајќи на ум дека ЕУ, со тоа што ја ратификуваше Конвенцијата на ОН, треба да ја имплементира во соработка со државите членки, бидејќи одговорноста за имплементација на многу од областите за политика во ЕУ се споделени со државите членки;
- Забележувајќи дека обврската на државите (според член 4.3 од Конвенцијата на ОН) да ги вклучува лицата со попреченост и нивните организации во јавните одлуки, политики и програми кои нив ги засегаат, е исто така применлива за локалните и регионалните власти;

Поради тоа, Одборот на ЕДФ за време на својот состанок, презеде акции за тоа како се имплементирала Конвенцијата на ОН на регионално и на локално ниво и како лицата со попреченост биле вклучени во овој процес на имплементација.

**Врз основа на размената на мислења, ЕДФ ги дискутираше следните приоритети:**

- **Имплементацијата на Конвенцијата на ОН мора да се спроведува истовремено на сите нивоа, започнувајќи од ниво на ЕУ, па на национално, регионално и на локално ниво. Неопходно е јасно и цврсто водство, координација помеѓу нивоата, општи стратегии, силно законодавство и стандардизација на централно ниво. Добро подготвена, практична и системска имплементација е основна на локално ниво.**
- **Зајакнување на свеста и знаење за човековите права на лицата со попреченост е суштинско, не само за локалните и регионалните власти, туку и за локалните граѓани без оглед на нивните способности, претпријатија и организации.**
- **Учество на лицата со попреченост, заедно со нивните организации, е суштинско на сите нивоа; таквото учество треба да биде сериозно, одржливо и да биде поткрепено со обука и зајакнување на капацитетот на организациите на лицата со попреченост; вниманието треба да биде свртено на овозможување поддршка, финансирање и зајакнување на капацитетот на организациите на локално ниво, и да се обезбеди учество на лицата со попреченост кои живеат во рурални средини, лица кои живеат во сиромаштија, изолација или во институции.**
- **Организациите на лицата со попреченост се цврсти со нивното разнолико и широко членство. Овие организации може да играат клучна улога во ангажирањето на лицата со попреченост во процесите за политики и програми на сите нивоа и во обезбедувањето на комуникациска врска до и од креаторите на политики и чинителите во имплементацијата на Конвенцијата на ОН, вклучувајќи синдикати, работодавци, професионалци од образованието, итн. Организациите на лица со попреченост се уште посилни ако одговараат на сигналите дадени од поединци со попреченост и ако најдат заеднички општи цели за различни групи на лица со попреченост на локално, национално и на ниво на ЕУ.**
- **Организациите на лицата со попреченост исто така ќе обезбедат дека акциите во однос на Конвенцијата на ОН ги земаат предвид правата на СИТЕ лица со попреченост, стари и млади, мажи и жени, лица кои се лишени од деловната способност, лица со интектуална попреченост, психосоцијални и комбинирани попречености; сите оние кои се соочуваат со најтешка и повеќекратна дискриминација.**
- **Локалните, националните и ЕУ властите имаат обврска да создадат услови за организациите на лица со попреченост да бидат дел од локалното поле, вклучително и пружање на сервисни служби во местото на живеење за промовирање на самостојното живеење на лица со попреченост и овозможување на пристапни информации околу локални прашања за лицата со попреченост.**
- **Одговорноста на националните влади да ги заштитуваат, почитуваат и промовираат човековите права исто така значи дека тие треба внимателно да ги следат разликите помеѓу локалните власти и да преземаат регулаторни или акции за прераспределба доколку овие разлики го попречуваат ефективното учество на лицата со попреченост.**
- **Сето финансирање од страна на ЕУ треба да се искористи за да се промовира имплементацијата на Конвенцијата на ОН, вклучувајќи ги и земјите за влез, соседството на Европа и меѓународната соработка. Имплементацијата на Конвенцијата на ОН не е само зборови - тоа е ресурсен, системски пристап кој води кон инклузивни општества.**
- **На ниво на ЕУ, треба да се поттикнува заедничко учење и споделување на практики и методи за локална имплементација на Конвенцијата на ОН.**

**Подигнувањето на свеста и споделувањето на информации е важно, но не е доволно; треба да ги рушиме бариерите со кои лицата со попреченост се соочуваат во сите сфери на живеењето. Системската имплементација на Конвенцијата на ОН опфаќа анализа и укинување на сите закони кои се во конфликт со Конвенцијата на ОН, вклучително и оние кои дозволуваат присилен третман, лишување од деловна способност итн. Постојаната будност е потребна за да се спречи институционализацијата на лицата, особено во овие времиња на штедење. Начелото на застој и прогресивна реализација мора во целост да се почитуваат и не можат да бидат оставени настрана поради кратења и мерки на штедење.**

**Со цел да се креира доследен пристап кон Конвенцијата на ОН во Европа, ЕДФ ги повикува европските институции да демонстрираат лидерство, да усвојат насоки и да обезбедат поддршка за локалните и регионалните власти за имплементацијата на Конвенцијата на ОН; и да се вклучат лица со попреченост и нивните организации во целиот процес.**

## Од членството на РЦПЛИП - ПОРАКА во ЕАСПД

# Декларација за образование на ЕАСПД

## Седум приоритетни линии за акција

**Европската асоцијација на обезбедувачи на сервисни служби (ЕАСПД) официјално ја промовира својата Декларација за образование од Салцбург „Кон поинклузивни средини за учење во Европа". Текстот ја увидува потребата од зајакнување на напорите со цел да се остварува начелото на инклузивно образование, кое е истакнато во неколку меѓународни и европски законски и политички рамки.**

Ако се осврнеме на меѓународните проценки, над 90 милиони деца во светот имаат попреченост, и скоро една петина од учениците може да пројават дополнителни образовни потреби во текот на нивното школување. Инклузивното образование, како што е пропишано во членот 24 од Конвенцијата на ОН за правата на лица со попреченост, е основен чекор кон инклузивно општество и треба да биде основно начело на било кој образовен систем.

Декларацијата на ЕАСПД ги претставува клучните линии за акција со цел да се постигне поинклузивно образование:

- **Прилагодување на образовниот систем кон индивидуалните потреби на учениците преку развивање на соодветни средства и прилагодување на наставните методи, како и начинот на кој се мерат резултатите од образованието.**
- **Менување на ставовите и разбирање за учениците со посебни потреби особено за наставниците, персоналот во училиштата и семејствата.**
- **Сфаќање на образованието како столб кој овозможува основа за секоја заедница, па оттаму се бара вклучување на различни сектори и сервисни служби.**
- **Усвојување на стратешки инвестиции за надминување на негативното влијание од финансиската криза преку распределба на адекватни ресурси во индивидуализирана поддршка и инклузивно доживотно учење. Од особено значење е ефективниот трансфер на ресурси од сегрегирачки во инклузивни средини за учење.**
- **Да претставува пример на европско ниво. ЕУ мора да започне со усвојување на инклузивни практики во европските училишта и да го зајакнува мандатот на Европската агенција за посебни потреби и инклузивно образование.**
- **Да има сеопфатен пристап кон образованието. Националните и локалните власти треба да работат во партнерство со граѓанското општество и со професионалците за да се развие прилагодено образование со адекватна поддршка. Волјата на донесувачите на одлуки да го поддржат преодот од сегрегирачки средини во инклузивен редовен образовен систем, е уште еден клучен елемент.**
- **Обезбедување на соодветна обука и развивање на знаења и вештини меѓу редовните наставници.**

За да се постигнат овие цели, Декларацијата има и прецизно насочени препораки за европските, националните и регионалните креатори на политики, како и за професионалците, обучувачите, наставниците и персоналот кој работи во образовниот сектор.

Новата Декларација на ЕАСПД е резултат од неколку месечни консултативни со членките на ЕАСПД и чинителите, особено членовите во Постојниот комитет на ЕАСПД за образование. Беше збогатена и со заклучоците од конференцијата за образование која се одржа во Салцбург во октомври 2015 година. Главната цел е да се поддржат членките на ЕАСПД за овозможување на сложениот процес на имплементација на Конвенцијата на ОН за правата на лица со попреченост.

### Декларација од Салцбург

### КОН ПОИНКЛУЗИВНИ СРЕДИНИ ЗА УЧЕЊЕ ВО ЕВРОПА

### НАЧЕЛА И ВРЕДНОСТИ

- Конвенцијата на ОН за правата на лица со попреченост (член 4 и 24, за Образование и Универзален дизајн),
- Изјавата од Саламанка за образование за деца со посебни потреби (1994 година),
- Протоколот на Конвенцијата за заштита на човековите права и основни слободи (Европска конвенција за човекови права), член 2, Право на образование,
- Европската социјална повелба (ревидирана), членови 15 и 17,
- Акциониот план за попреченост на Советот на Европа 2006-2015 (Акциска линија 4, Образование, и вкрстени аспекти),
- Европската стратегија за попреченост 2010-2020 (Област за акција 5, Образование и обука).

Сите овие јасно кажуваат дека сите лица со попреченост (и нивните семејства) имаат право на:

- еднакви можности и соодветно образование со висок квалитет за извлекување на максимумот на нивниот потенцијал, и да учествуваат и целосно да придонесуваат во инклузивно општество,
- избирање и добивање образование во инклузивно опкружување,
- соодветни ресурси и експертиза за исполнување на нивните образовни, социјални и здравствени потреби,
- квалитетни сервисни служби кои им даваат поддршка за реализирање на самоопределувањето и државјанството.

# Од членството на РЦПЛИП - ПОРАКА во ЕАСПД

## ИНКЛУЗИВНИ СРЕДИНИ ЗА УЧЕЊЕ

Европската асоцијација на обезбедувачи на сервисни служби за лица со попреченост (ЕАСПД) е Европска непрофитна организација која застапува над 11.000 организации кои нудат социјални сервисни служби низ Европа за сите попречености. Главната цел на ЕАСПД е да се промовираат еднаквите можности за лицата со попреченост преку ефективни системи за сервисни служби со висок квалитет.

Преку својата постојна комисија за образование, составена од наставници, професори, директори на училишта и други обезбедувачи на образовни сервиси за лица со попреченост. ЕАСПД активно делува во инклузивното образование.

Манифестот за инклузивно учење од 2012 година ги постави основите на политиката, а начелата се веќе имплементирани во неколку европски проекти за подобрување на инклузивните образовни системи низ Европа. Под мотото „Изградба на училиште за сите", ЕАСПД воедно организираше и неколку обуки за инклузивно образование, да се подигне свеста и разбирањето за концептите за инклузивно образование, универзалниот дизајн и разумното прилагодување за наставниците и персоналот при обезбедувачите на образовни сервиси служби. ЕАСПД е членка на „Европска алијанса за инвестирање во деца" во која членуваат 24 европски мрежи.

## ПРИЛАГОДУВАЊЕ НА СИСТЕМОТ КОН УЧЕНИКОТ

Организацијата за економска соработка и развој (ОЕЦД) вели дека скоро една петина од учениците можат да развијат посебна образовна потреба во текот на нивното школување. Иако податоците се ограничени, последната глобална проценка за преваленцата за попреченост дадена од Светската здравствена организација (СЗО) е дека помеѓу **93 милиони до 150 милиони деца живеат со попреченост**. Инклузивното образование, како што е дадено во член 24 од Конвенцијата на ОН за правата на лица со попреченост, треба да биде основно начело на секој образовен систем.

Интеграцијата овозможува пристап до редовниот образовен систем, но очекува ученикот да се вклопи во постоечкиот калап, и не ја менува основната структура на образовниот систем. Во инклузивен образовен систем, рамката се менува за да се прилагоди и да го прифати секој ученик, кој е добредојден и вреднуван како способен да придонесе во средината за учење. Обезбедувачите на инклузивно образование **ја прилагодуваат средината за учење кон индивидуалните потреби** на ученикот и ги прилагодуваат ставовите, пристапите и стратегиите кој ги вклучуваат сите ученици во сите активности со почит кон нивното индивидуално ниво на учење. Методите кои се користат да се мери успехот и неуспехот во училиште се важен елемент кој треба да се редефинира за да се овозможи ученикот да го искаже своето знаење и вештини на најсоодветен начин.

Понатаму, важно е да се забележи дека членот 24 од Конвенцијата на ОН за правата на лица со попреченост ги предизвикува не само училишните системи



туку и се однесува на **сите нивоа од образованието во животниот тек на човекот** (на пример, предучилишни сервиси, стручно образование и обука и образовни сервиси за возрасни). На учениците треба да им се понуди целосен збир од инклузивни средини за учење, вклучително и пост-дипломски можности, да се избегне замката од целосно исклучување од образованието поради премногу строг и формален образовен систем.

## ПРЕПРЕКИ ЗА ИНКЛУЗИВНО ОБРАЗОВАНИЕ

Зголемена свесност се забележува и кај образовниот потенцијал и кај димензијата на правата на граѓаните за инклузивно образование. Постојат промени во образовните и социјалните закони за поддршка на учениците со посебни образовни потреби со цел да се образуваат во инклузивни средини.

Сепак, се уште постојат основни препреки за инклузивното образование. И покрај тоа што инклузијата станува се поголем востановен концепт, тоа за жал не значи дека доволно се реализира во практиката. Таква една препрека, меѓу другите, е тоа што училишните системи, во повеќето земји следат **два системи кои преовладуваат: инклузивен и сегрегирачки**. Овие системи истрајуваат поради верувањето дека одреден процент на деца, како што се оние со потешки облици на попреченост не можат да бидат вклучени во редовните образовни средини. На пример, во некои земји најголемиот дел од редовните училишни згради не се изградени **согласно стандардите за пристапност**. Како дополнување, прилагодениот транспорт честопати е обезбеден само за посебните училишта и иако адаптивната технологија е на располагање во повеќето инклузивни средини, се уште недостасува знаење, компетенции и креативност за примена, адаптирање и употреба на технологијата.

Препреките можат да се најдат во сите аспекти на училиштето, како и во рамки на заедниците, и во локалните и националните политики. Препреките произлегуваат и од интеракција помеѓу учениците и она што го учат и начинот на кој тоа го учат.

Решенијата за отстранување на препреките не можат да се изнајдат само преку подигнување на расположливи монетарни средства, туку постојат и **физички актери** - слично на препреки - во сите аспекти на училишната средина: други ученици, родители/старатели, заедници и наставници. Сите овие гореспоменати

## Од членството на РЦПЛИП - ПОРАКА во ЕАСПД

веќе имаат одредено знаење за тоа како да се зголеми учеството на наставникот - проблемот е што ова знаење ретко во целост се користи.

Надминувањето на овие препреки не бара само законски акции, туку пред се одржлива и **системска измена на ставови** и пристапи во образовниот систем.

Едукацијата на наставниците за ученици со посебни образовни потреби е се уште под доминација на перспективата на посебни училишта, особено во земји со цврста традиција на посебно образование, и се уште претставува голем предизвик за изнаоѓање на интелигентни начини на категоризација на учениците кои дозволуваат пристап до дополнителна поддршка во редовните образовни средини без да се создаде сегрегација и стигма. Постои потреба од **усогласување на дефинициите** за попреченост во ЕУ, како на пример преку пристап базиран на ресурси и неговиот трипартитен систем на класификација (А/Попреченост, Б/Потешкотии, В/Недостатоци) на кои се согласни земјите членки на ОЕЦД.

### ОБРАЗОВАНИЕ ВО ЗАЕДНИЦАТА

Училиштата што ја прифатиле инклузивната перспектива треба да развијат разбирање за нивната улога како **институција за соработка во заедницата**. Концепциски тоа значи дека училиштата треба да соработуваат со другите сервисни служби во заедницата, како што се поддршка на младите, социјална и здравствена грижа или секторот за култура, како и да се гледаат себеси како активен дел од регионалните мрежи за учење кои се сензитивни на процесите за исклучување на сите нивоа.

### ВЛИЈАНИЕ НА ФИНАНСИСКАТА КРИЗА

Очигледно е дека има уште многу да се делува. Дури и тоа што е постигнато е под закана поради економската криза низ Европа. Постојат многу загрижувачки примери на произволно кратење на трошоци. Некои деца не добиваат соодветно образование, а некои, особено оние со потешки попречености, не добиваат образование воопшто.

Економската криза имаше негативно влијание врз општото образование, а влијанието беше уште поголемо врз ранливите групи како што се учениците со попреченост. Расположливите ресурси за рана детекција, персонализирана поддршка за ученици и адекватна обука на наставници се ограничени, што резултира со **повисоки стапки на откажување од училиште** од страна на учениците со попреченост и со намалување на процентот на овие ученици кои продолжуваат кон третиот степен на образование. Истовремено, европските системи за образование се под предизвик поради зголемениот број на мигранти со високи и специфични потреби за образование и обука за деца, млади и возрасни.

Стратешкото инвестирање е уште повеќе значајно во времиња на финансиска криза. Инклузивното доживотно учење не е само право, туку и **суштинско за постигнување на раст и работни места**, социјална инклузија и активно граѓанство. Доживотното учење дозволува лицата да стекнуваат клучни компетенции и да ги надградуваат вештините во текот на нивниот живот. Како што покажуваат истражувањата, пристапот до квалитетно образование има јасно влијание врз идните исходи од академскиот и пазарот на труд и е клучот за намалување на нееднаквостите.

### УЛОГАТА НА ЕВРОПСКИТЕ ИНСТИТУЦИИ

ЕАСПД е свесна дека Европската унија и Советот на Европа имаат ограничени компетенции за поддршка во полето на образованието. Сепак, ЕУ може да стори повеќе за исполнување на правото на инклузивно образование и треба да биде **водечки пример** како што се препорачува од Комитетот на Обединетите нации за правата на лица со попреченост, започнувајќи со Европските училишта. Прв чекор е поактивно **да се промовираат обуки и програми** кои би му помогнале на персоналот да успее во постигнување на инклузивно образование и да ги поттикнува државите членки да се фокусираат на преодот од сегрегирачки образовни системи во редовни училишта. Дополнително, ЕУ треба да го зајакне мандатот на Европската агенција за посебни потреби и инклузивно образование и да го изедначи со начелата содржани во Конвенцијата на ОН за правата на лица со попреченост, а со тоа ќе им даде позначајна и повлијателна улога во процесите на ЕУ, како што е Европскиот семестар и со тоа ќе се има подобар преглед во нивните истражувања за квалитетот.

### УЛОГАТА НА НАЦИОНАЛНИТЕ И НА ЛОКАЛНИТЕ ВЛАСТИ

На ниво на државите членки, и покрај нивните заложби за промоција на инклузивното образование, премногу ученици со посебни потреби се сеуште - понекогаш и во зголемен број - сместени во сегрегирачки институции или во редовни средини со неадекватна поддршка.

Промените, пред се на локално ниво, на ниво на заедницата, се најважни за да се развие **одржлив инклузивен образовен систем**. Посебните образовни средини и компетенциите развиени од организациите за лица со попреченост ќе станат извор на експертизи кои ќе се на располагање на образовните сервиси.

### ОБУКА ЗА НАСТАВНИЦИ И ПРОМЕНА НА СТАВОВИ

Сепак, првите позиции во средината за учење се и ќе останат персоналот во образованието, како што се наставници, советници, асистенти и директори. За сите ученици да бидат во целост вклучени во образовниот систем, од исклучително значење е да се има **адекватна едукација и обука за наставниците**, со цел да се обезбеди дека персоналот има знаења, вештини и став да се справи со различноста и инклузијата. Наставниците, едукаторите и обучувачите треба да бидат свесни за различноста во нивната училница и предизвикот и можностите што таа училница може да ја понуди. Мислењата за инклузија се честопати различни, а многу од нив се поврзани со стравови: страв од промени, страв од непознато итн. Разбирајќи ја

## Од членството на РЦПЛИП - ПОРАКА во ЕАСПД

рамката на универзалниот дизајн и бенефитите што тој ги нуди претставува процес, а од гледна точка на секојдневната работа на наставникот, тој нуди многу реален начин на настава.

## ЗАКЛУЧОЦИ

Пристапот до образование и програмите за доживотно учење во редовните училишта и другите образовни институции се уште е **далеку од реалност** за многу ученици со попреченост. Тоа честопати е поради недостиг на квалификуван персонал, недостиг на соодветни пристапни згради, објекти/опрема и широко распространета и перманентна предрасуда за вештините и потенцијалот на лицата со попреченост.

ЕАСПД е убедена дека **целта за инклузивното образование е реална и остварлива**. Цврстото водство од државите членки и Европските институции мора да обезбеди законска рамка за да се поттикнат локалните актери да ги менуваат сопствените ставови и пристап кон инклузивните средини. **Ваквите стимулации опфаќаат 1) промена на економска поддршка од сегрегирани во редовни обезбедувачи на образовни сервиси; 2) обука на наставници и персонал за подигнување на свеста и разбирањето на концептите и предностите на инклузивното образование и универзалниот дизајн; и 3) реформа на образовниот систем врз основа на пофлексибилна наставна програма што води кон пофлексибилни сертификати (уверенија) прилагодени на потребите на секој поединец.**

## ПРЕПОРАКИ

### Заложби на ЕАСПД

- Соработка со мрежи на други ранливи групи со цел да се претстави поцврста заедничка позиција,
- Придонес за позицијата на европската политика за инклузивно учење, во согласност со обврските од Конвенцијата на ОН за правата на лица со попреченост,
- Обезбедување на информации, модели на добри практики и поддршка за организациите членки,
- Промовирање на позитивни ставови кон инклузијата, различноста, партнерството и можностите за вмрежување,
- Организирање и промовирање на обука за наставници, едукатори и други професионалци за инклузивно образование.

### Препораки за европските креатори на политики

- Развивање на јасна и кохерентна политичка рамка и закони кои го промовираат инклузивното образование, во соработка со лицата со попреченост, семејствата, обезбедувачите на образовни сервиси и други чинители,
- Развивање на усогласена дефиниција за попреченост на ниво на ЕУ,
- Зајакнување на мандатот на Европската агенција за посебни потреби и инклузивно образование,
- Распределување на доволна финансиска поддршка за редовните образовни средини кои треба да овозможат инклузивни опкружувања,
- Промовирање на воспоставувањето и координација на инклузивни регионални мрежи за учење.

### Препораки за националните и регионалните креатори на политики

- Преод од институционализирани структури кон инклузивни системи,
- Прилагодување на стандарди за да се дозволи развој на наставен план со универзален дизајн,
- Редефинирање на училишните постигнувања и методите за оценување со пофлексибилен систем,
- Поддршка на преодот на учениците со посебни образовни потреби кон пазарот на трудот,
- Поддршка на пост-секундарниот сектор, како што се универзитетите, да станат инклузивни места за живеење и учење,
- Собирање на веродостојни податоци за зачестеноста, ефективноста и споредбените трошоци на инклузивното и сегрегираното образование,
- Вклучување на обука за инклузивно образование во системот за обука на наставници.

### Препораки за обезбедувачите на образовни сервисни служби

- Зајакнување на свесноста кај актерите од локалната заедница за важноста на инклузивната настава,
- Воспоставување на јасна визија за инклузивно образование и осигурување дека таа се споделува кај персоналот од сите нивоа,
- Споделување на знаења и експертизи на обезбедувачите на сервиси за посебно образование со редовните обезбедувачи преку партнерства и заеднички разбирања,
- Градење на мрежа со потенцијални работодавачи за да се олесни преодот кон пазарот на трудот,
- Инвестирање во адекватно образование и обука за наставниците и персоналот со цел да се обезбеди разбирањето на инклузивното образование и посебните образовни потреби,
- Имплементирање на концептот на универзалниот дизајн во инфраструктурата и во наставниот план.

### Препораки за наставници, обучувачи и персонал

- Соработка со семејството и локалното опкружување на детето,
- Поттикнување на соработка со децата и учење со врсници,
- Користење на иновативни наставни методи за учење и технологија за да се имплементираат наставните методи со универзален дизајн,
- Размена на добри практики меѓу наставници, едукатори и други професионалци,
- Прилагодување и иновативни методи за евалуација, со пишани, усни или надворешни евалуации.

## Партнерства на РЦПЛИП - ПОРАКА во европски проекти

# Кон европски вредности: лицата со попреченост како еднакви граѓани

**Во периодот од 18-ти до 20-ти март 2016 во Белград - Србија, беше одржана четвртата работилница во рамките на проектот „Кон европски вредности - лицата со попреченост како еднакви граѓани" во кој учествува Републичкиот центар за поддршка на лица со интелектуална попреченост - ПОРАКА како партнер организација.**

Реализацијата на четвртата проектна активност на тема „Врсничка поддршка и имплементација на сервисни служби" во рамките на проектот „Кон европски вредности - лицата со попреченост како еднакви граѓани", беше организирана во периодот од 18-ти до 20-ти март 2016 во Белград, Србија. На обуката присуствуваа стручни работници и корисници на сервисни служби, лица со попреченост. Покрај АПИ Србија, како носител на проектот на обуката присуствуваа и претставници од сите проектни партнери т.е. вкупно 40 учесници. Републичкиот центар за поддршка на лица со интелектуална попреченост - ПОРАКА учествуваше со четворица претставници, два едукатори од дневните центри - ПОРАКА Скопје и двајца корисници на дневните центри.

Целта на обуката беше запознавање и зајакнување на учесниците во развивање и имплементација на сервисни служби за врсничка поддршка како иновативен пристап во рамките на кој лицата со попреченост преку стекнување на потребните вештини и знаења се охрабруваат за пружање на поддршка на своите врсници и постари лица во локалната заедница.

Тридневната обука од областа на врсничка поддршка и имплементација на сервисни служби се одржа во соработка со АПИ Србија и Републичкиот завод за социјална заштита на Србија, а ги содржеше следните теми:

- **Одржливи социјални сервисни служби во местото на живеење,**
- **Потреби и ресурси,**
- **Квалитет на социјалните сервисни служби,**
- **Раководење со локалните социјални сервисни служби,**
- **Планирањето како развојна компонента на социјалните сервисни служби,**
- **Развој на персонал - унапредување на компетенциите кај обезбедувачите на сервисни служби како предуслов за квалитетот на услугите**
- **Следење и евалуација на сервисните служби**
- **Значењето на услугата врсничка поддршка за живеење во заедницата,**
- **Од првиот контакт до активна поддршка - фази во пружањето услуги**
- **Лицата со попреченост како членови на сервисот за поддршка, и**
- **Предизвици во работата и нивно надминување.**

Целокупната работа беше организирана по принципот на презентации, размена на практични искуства и работилници насочени особено кон корисниците во согласност со темата. Корисниците на сервисните



служби работеа во свои работилници каде споделуваат искуства потпомогнати од обучени асистенти. Во текот на работилниците тие имаа можност и да се запознаат со искуствата на лица споделени од корисници на услугата за живеење со поддршка кои се активни во полето на обезбедување врсничка поддршка.

Корисниците на сервисните служби, исто така, имаа можност да ги погледнат туристичките знаменитости на Белград, да ја посетат Зоолошката градина, да се дружат со другите корисници и да уживаат во звуците на гитара на забавата организирана во една од станбените заедници на АПИ Србија со ново стекнатите пријатели. Целта на ова дружење беше да се запознаат корисниците како и на кој начин лицата со попреченост живеат во станбени единици со поддршка од стручни работници.

Во рамки на презентациите за едукаторите особено внимание се обрна на одржливоста на креираните сервисни служби за врсничка поддршка и согледувањето на вложените ресурси како што се способност, капацитет, ефикасност, флексибилност и планирање. Воедно се потенцираше и квалитетот кој треба да го имаат овие сервиси, а се однесуваат на минималните поставени стандарди за квалитет, лиценцирање на сервисните служби и континуирано финансирање. Динамиката на сервисните служби за врсничка поддршка пред се зависи од идентификацијата на корисници и од потребите за поддршка (поддршка за усвојување на вештини за самостоен живот, поддршка за вклучување во активности на локалната заедница и секако поддршка на членовите на семејството). Една од клучните цели во ваков вид на сервисна служба е вклучувањето на лица со попреченост како активни даватели на поддршка, мотивација, посветеност и развивање на самопочит при пружање на поддршка на други лица со попреченост.

## Од членството на РЦПЛИП - ПОРАКА во ЕАСПД

# Да растеме заедно: од локални иницијативи до национални стратегии за рана интервенција

## Ставови на ЕАСПД

Обединетите нации усвоија два меѓународни договори за човекови права кои, кога ќе се разгледуваат заедно, го артикулираат човековото право за рана интервенција во детството за бебиња и млади деца со попреченост. Овие договори, Конвенцијата за правата на детето, (поглавје 23) и Конвенцијата за правата на лицата со попреченост (член 7, 8 и 25), исто така, ги опишуваат стандардите според кои сите држави потписнички можат да го насочуваат развојот на програмите, сервисните служби и потребните закони за усогласување со Конвенциите.

Раната интервенција се фокусира на раниот детски развој и го признава постојаното проширување на многу млади ранливи деца. Раната интервенција особено се фокусира на ранливи деца од зачнувањето до шест годишна возраст. Благодарение на брзиот раст кој се случува во раниот развој на децата, бенефитите од раната интервенција во оваа фаза се единствени, а многу потешко можат да се постигнат во подоцнежните фази од детството. Раното детство е клучната фаза кога детето го формира јадрото на совеста, ја развива способноста за доверба и поврзување со други лица, и ја поставува основата за доживотното учење и размислување.

Во ова поле, суштински е за развојот на детето да постојат сервисни служби во местото на живеење. Оставањето на мали деца во институции не само што ќе го попречи развојот на детето, туку и ќе го стави во постојана состојба на зависност од институциите во текот на целиот негов/нејзин живот. Прекинувањето на циклусот од институционализација и зајакнување на младите лица да бидат активни учесници во општеството започнува со овозможување на грижлива и полна со љубов средина во семејството, а со поддршка на сервисни служби за рана интервенција.

Раната интервенција може да превенира факторите на ризик негативно да делуваат врз развојот на децата. За децата со интелектуална попреченост, раната интервенција не само што може да го минимизира интелектуалното задоцнување, туку и другите секундарни компликации. Програмите за рана интервенција треба да бидат креирани врз разбирањето дека сето учење се случува во контекст на здрави врски помеѓу детето и оние кои живеат со него и го сакаат.

Медицинскиот и на „недостаток" ориентираниот модел се префрла кон био-психосоцијален модел. Тој модел развива функционален пристап, втемелен во Меѓународната класификација на функционирање, попреченост и здравје, кој се стреми да го подобрува социјалното учество на детето во различни контексти (семејство, училиште, одмор, заедница) како и оспособување и зајакнување на семејствата во овој процес.

Целта на сервисните служби за рана интервенција не е да бидат главната средина за учење, туку да го олеснуваат стекнувањето на компетенции за оспособување на децата да учествуваат во нивното секојдневно опкружување и да градат врски со клучните лица во нивниот живот.

Во тој поглед, сервисните служби за рана интервенција мора да делуваат од перспектива дека секое дете, без разлика на развојните предизвици со кои се соочуваат, ќе учат и ќе се развиваат преку интервенции на обучени терапевти кои даваат поддршка и на добро информираните родители/згрижувачи. Сервисните служби за рана интервенција треба да се засноваат на следните начела:

- **Тие треба да засновани на врски - фокусирани на градење силни врски помеѓу децата и нивниот социјален свет;**
- **Тие треба да се сконцентирани на семејството - фокусот треба да биде на семејството каде е најважниот контекст на детето;**
- **Тие треба да се засновани на силните страни на детето - градење на силните страни на детето за развивање на понатамошни вештини;**
- **Тие треба да бидат инклузивни - развивање на вештини кои овозможуваат значајно учество во сите активности;**
- **Тие треба да се засновани во местото на живеење - не само како локација туку и активно да се учествува во животот и активностите на заедницата;**
- **Тие треба да даваат повратни мислења - да се прават евалуации, да се поставуваат прашања, да се учи, да се размислува и да се дискутира помеѓу персоналот и семејствата;**
- **Тие треба да бидат поткрепени со научни докази за меѓународни најдобри практики и модели на застапување.**

Професионалните лица кои работат во сервисни служби за рана интервенција треба да имаат високи аспирации за децата и семејствата, а тоа треба да вклучи аспирации за успешни врски родител-дете. Професионалците треба да се ангажираат во соодветни професионални интеракции и врски со децата и семејствата. Интегрирано професионално работење, ефективна и навремена комуникација помеѓу професионалците и семејствата, како и персонализирани програми за децата се важни димензии на сервисните служби за рана интервенција.

Со цел да се развијат успешни и ефективни сервисни служби за рана интервенција, важно е да се финансира модели на поддршка и да се зајакнуваат сервисните служби во местото на живеење, со фокус на работата со семејствата.

Само преку инклузија и поддршка на децата од најрана возраст во нивното семејство и во заедницата, тие ќе бидат во можност да учествуваат во општеството, да бидат вклучени во училиште, да се вклучат во отворениот пазар на трудот, и да ги уживаат во целост нивните човекови права.

## Поддршка за активностите на дневните центри од страна на бизнис секторот

# Донации од Ernest Young Македонија и од СЕАВУС - Скопје

На 15.01.2016 година, корисниците на дневниот центар - ПОРАКА во Аеродром - Скопје беа посетени од претставници на Ernest Young Македонија. Повод за посетата беше донацијата која Ernest Young Македонија ја обезбеди за потребите на дневни центри - ПОРАКА во населба Аеродром и населба Капиштец.

Донацијата е во вид на прехранбени продукти кои ќе се користат за обука за самостојно подготвување на оброци од страна на корисниците на двата дневни центри, а вкупната вредност на донацијата изнесува 14.645,00 денари.

Исто така, на 18.03.2016 година, корисниците на дневниот центар - ПОРАКА во Капиштец - Скопје беа посетени од претставници на Друштвото за информатичка технологија СЕАВУС - Скопје. И за оваа посета, повод беше донацијата која СЕАВУС ја обезбеди за потребите на двата дневни центри - ПОРАКА во Скопје.

Донацијата е наменета за поддршка на програмските активности на социјалните сервисни служби на РЦПЛИП - ПОРАКА и се состои од непарична донација: маса за пинг-понг со соодветни реквизити и поголема количина прехранбени продукти, а вкупната вредност на донацијата изнесува 37.620,00 денари. Масата за пинг-понг ќе се користи за спроведување на спортски активности и рекреација во дневниот центар - ПОРАКА во Капиштец, а прехранбените продукти ќе се користат за обука за самостојно подготвување на оброци од корисниците на двата дневни центри - ПОРАКА Скопје.

Упатуваме голема благодарност до Ernest Young Македонија и до СЕАВУС за донациите, но и за нивната развиена општествена одговорност и свест за потребите и правата на лицата со интелектуална попреченост. Се надеваме дека воспоставената соработка ќе продолжи во иднина, на обострано задоволство.





# Донација за Дневниот центар - ПОРАКА Радовиш

За потребите на дневниот центар - ПОРАКА Радовиш, пратеничката во Собранието на Република Македонија, г-ѓа Нада Ципушева, донираше фрижидер за длабоко замрзнување. Ова беше големо изненадување за членовите на дневниот центар бидејќи по сопствена иницијатива се донираше нешто навистина вредно и практично,

Благодариме за донацијата и покажаната хуманост од страна на г-ѓа Ципушева кој ќе служи како пример на други граѓани за правење на хумани дела.



# Роденденска прослава на г-дин Николајчо Николов

Прославувањето на роденденот на директорот на рудникот „Бучим", Николајчо г-дин Николов заедно со корисниците на дневниот центар - ПОРАКА Радовиш е традиција која продолжи и оваа година. Заедничкото дружење претставуваше радост за сите, а директорот ги почести со роденденска торта и парични средства за секој корисник посебно, кои веднаш се испланираа за што ќе бидат потрошени.

Упатуваме голема благодарност до г-дин Николов кој секогаш наоѓа време да ги посети корисниците и пријатно да ги изненади.



## Активности на дневните центри и локалните организации на РЦПЛИП - ПОРАКА

# 50 години јубилеј од формирањето на ЦПЛИП - ПОРАКА Прилеп

На 25 февруари 2016 година во просториите на Градската библиотека „Борка Талески" - Прилеп се одбележа 50-годишното постоење на ЦПЛИП - ПОРАКА Прилеп. За таа цел беше изготвена презентација за активностите на организацијата, целите и задачите на кои организацијата работеше во изминатите 50 години, но и кои во иднина ќе ги спроведува. На јубилејот присуствуваа: Градоначникот на Општина Прилеп, претставници од РЦПЛИП - ПОРАКА, ЦПЛИП - ПОРАКА Битола, ЦПЛИП - ПОРАКА Виница, бизнис секторот и заинтересирани граѓани.

Присуството на градоначалникот на општина Прилеп, г-дин Марјан Ристески, беше искористено за да се укаже на потреба од прераснување на социјалниот клуб во Прилеп во соодветен дневен центар каде дневно ќе се опфаќаат 20 корисници со интелектуална попреченост. На крајот на настанот, ЦПЛИП - ПОРАКА Прилеп додели благодарници на соработници кои дале свој придонес во 50 годишното делување на организа-цијата. Јубилејот беше покриен од локалните медиуми.



# Една година од постоењето на социјалниот клуб во Прилеп

На 23 јануари 2016 година, ЦПЛИП - ПОРАКА Прилеп одбележа една година од постоењето на социјалниот клуб. Родителите на корисниците на оваа сервисна служба активно се вклучија во подготовките за едногодинешниот јубилеј. Беа поканети волонтерите кои работат во клубот со лицата со интелектуална попреченост, дефектолози и соработници, односно сите кои дадоа придонес во работата на социјалниот клуб.

Роденденската торта беше донација од слаткарницата Дизниленд трејд.

# Активности на социјалниот клуб на ЦПЛИП ПОРАКА - Прилеп

Во соработка со Детската амбасада за сите деца во светот - Прилеп, ЦПЛИП - ПОРАКА Прилеп, односно членовите на социјалниот клуб, но и лица кои не го посетуваат клубот, учествуваа на божиќен ручек во хотел Кристал Палас. Освен ручекот имаше и забава за сите деца, а по завршувањето на програмата на децата им беа поделени новогодишни пакетчиња.

Традиционално веќе неколку години, ЦПЛИП - ПОРАКА Прилеп по повод верскиот празник Василица организира вртење бурек со паричка. Бурекот е донација од локалните бурекџилници. По вртењето на бурекот во клубот имаше и забава.

Членовите на социјалниот клуб на ЦПЛИП - ПОРАКА Прилеп спроведоа работилница за засадување на цвеќиња. Со помош на своите родители, засадија зумбули, а саксиите беа изработени од пластични шишиња во домашни услови. Одгледаните цвеќиња беа продавани на 8 Март, меѓународниот ден на жената.



По повод 21 март, Светскиот ден на лицата со Даунов синдром, ЦПЛИП - ПОРАКА Прилеп реализираше спортски активности. Во соработка со средното насочено училиште „Ѓорче Петров", членовите на социјалниот клуб имаа заеднички спортски активности во кошарка и фудбал, како и влечење на јаже со исплетени 21 јазол симболизирајќи го 21 хромозом. Учениците заедно со наставникот по физичко воспитание, стручната служба и лицата со интелектуална попреченост имаа прекрасно дружење, кое беше и медиумски покриено.

Веќе втора година членовите на социјалниот клуб на ЦПЛИП - ПОРАКА Прилеп учествуваат на карневалот Прочка во организација на локалната самоуправа. Членовите на оганизацијата оваа година се преставија со маската "Птици во лет за поубав свет". Членовите беа маскирани во штркови најавувајќи ја пролетта. За учеството, маската доби диплома.



# Активности на дневните центри и локалните организации на РЦПЛИП - ПОРАКА

## Рекреативни активности во дневните центри - ПОРАКА Скопје

Со цел унапредување на здравствената и психомоторната состојба на корисниците на дневните центри на ПОРАКА Скопје, во изминатиот период континуирано се спроведуваа неколку различни водови на рекреативни и спортски активности.

Во таа насока, продолжува соработката со СРЦ „Борис Трајковски" - Скопје, за користење на куглaната каде еднаш месечно се рекреираат корисниците. Понатаму, продолжува и спортувањето во салата на ООУ „Љубен Лапе" за корисниците на дневниот центар - ПОРАКА Скопје од Аеродром, еднаш во неделата.

Новина во рекреативните активности, а со цел психо-физичка активност и релаксација е воспоставената соработка со Центарот за јога „Дарма". Поточно, во соработка со јога инструктори од овој центар во дневниот центар - ПОРАКА Скопје во Капиштец, два пати во неделата се спроведуваат часови по јога.

Исто така, еднаш неделно, во текот на викендите, корисниците на двата дневни центри - ПОРАКА Скопје спортуваат во салата на Машинскиот факултет во Скопје. Оваа активност е во рамките на програмата "Special Basketball School" која ја води Љупче Стојанов и професори од Факултетот за физичка култура со помош на едукаторите од дневните центри - ПОРАКА Скопје. При крајот на месец мај предвиден е завршен турнир во кошарка.





## Одбележување на денот на пролетта

Градот Скопје, под покровителство на Градоначалникот Коце Трајановски, а со поддршка на Секторот за екологија традиционално го одбележува првиот ден на пролетта, како дел од манифестацијата „Денови на пролетта - денови на екологијата". Целта на оваа акција е да се подигне грижата за животната средина кај граѓаните на Скопје и да се даде пример како да се грижиме за средината во којашто живееме. Во рамките на манифестацијата, покрај 150 ученици од 5 средни училишта на Град Скопје и Противпожарната бригада на Град Скопје, учество зедоа и корисниците на дневните центри - ПОРАКА Скопје. Тие заедно со дел од ангажираните лица засадија цвеќиња и се вклучија во активностите за расчистување на зеленилото.

## Соработка со Факултетот за ликовна уметност

Во рамките на соработката со Факултетот за ликовна уметност, корисниците на дневните центри на ПОРАКА Скопје, заедно со студентите и професорите реализираат различни работилници. Имено, со студентите од отсекот вајарство беше реализирана работилница на која се унапредуваа техниките за вајарство. Додека пак, со студентите од отсекот графика се спроведуваат работилници еднаш неделно со цел линорезот и графиката да се унапредат за во периодот кој следува пред велигденските празници да се постави изложба при факултетот за ликовна уметност во Сули  Ан.





# Активности на дневните центри и локалните организации на РЦПЛИП - ПОРАКА

## Активности со Црвен крст - Кисела Вода

Воспоставената добра соработка на ЦПЛИП - ПОРАКА Скопје со организацијата на Црвен Крст на Град Скопје продолжува и понатаму. Со цел да се промовираат хуманите вредности (ПХВ проект на Црвен крст на млади при општинска организација на Кисела Вода) во просториите на дневниот центар ПОРАКА Скопје во Аеродром се реализираа работилници. На работилниците учествуваа младите на Црвениот крст кои заедно со корисниците на дневниот центар создаваа различни рачни изработки. Изработките од овие работилници беа претставени на хуманитарниот концерт кој се одржа во Театар Комедија во Скопје на 17.03.2016 година. Собраните средства од продажбата на изработките и од продажбата на билетите за концертот ќе се искористат за набавка на материјали за работа во дневните центри на ПОРАКА Скопје.

## ЦПЛИП - ПОРАКА Струмица и ООУ „Видое Подгорец” - Струмица на заеднички тримерски ручек

ЦПЛИП - ПОРАКА Струмица и ООУ „Видое Подгорец” - Струмица на 16.03.2016 година организираа заеднички тримерски ручек, кој се одржа во просториите на училиштето. Со тримерска посна трпеза, членовите на ЦПЛИП - ПОРАКА Струмица, заедно со учениците од училиштето, се запознаа со значењето на овој празник и учествуваа во одбележувањето на празникот Тримери. Оваа активност има за цел приближување на народната традиција до лицата со интелектуална попреченост. Покрај богатата посна трпеза, која беше подготвена благодарение на родителите на учениците и децата и младинците со интелектуална попреченост, беше проследена и кратка програма за празникот Тримери, подготвена од учениците. Настанот потоа продолжи со народни ора, песни и ручек.

Тримерите, по своето првобитно значење и форма, се еден мошне стар христијански обичај, којшто води потекло од многу одамна т.е од почетокот на христијанската вера. Тримерите се всушност, почеток на големиот Велигденски пост, кој трае седум, односно со таканаречената сирна недела, осум седмици.



ЦПЛИП - ПОРАКА Струмица, согласно Годишната програма за работа за 2016 година, ќе продолжи со организирање на вакви настани и активности со цел приближување на македонската народна традиција и култура до лицата со интелектуална попреченост.

## ЦПЛИП - ПОРАКА Струмица во акцијата „Час на планетата Земја”

Со исклучувањето на осветлувањето на плоштадот „Гоце Делчев” во Струмица, ЦПЛИП - ПОРАКА Струмица на 19.03.2016 година се приклучи на најголемата волонтерска акција за спас на планетата земја „Часот на планетата Земја”.

Затемнувањето беше извршено во периодот од 20:30 до 21:30, а членовите на ЦПЛИП - ПОРАКА Струмица, заедно со волонтерите на општинската организација на Црвениот крст - Струмица испратија порака за спас на планетата преку поттикнување на глобалната заедница за споделување можности и предизвици за создавање одржлив свет.

Ова глобално еколошко движење, кое годинава се одржа под мотото „Заблескај светлина на климатските промени”, е поддржано од Обединетите нации и во него се вклучија над 170 земји.



## На театарска претстава во Драмски театар - Скопје

Во изминатиот период ЦПЛИП - ПОРАКА Скопје ја продолжи воспоставената соработка со Драмскиот театар - Скопје. Па така, на 25.02.2016 корисниците на дневните центри - ПОРАКА Скопје заедно со дел од anga` i rani tel i ca i rodi tel i teja prosl edi ja teat ar skat a pr et st ava „Чолак”. Умешноста на глумците во претставата предизвикаа многу смеа и радост кај присутните, но поттикнаа размислувања за различноста кај луѓето.

# Наша Страница

## Отворен социјален клуб за лица со интелектуална попреченост во Битола

**На 2 април 2016 година во Битола официјално беа пуштени во употреба работните простории на Центарот за поддршка на лица со интелектуална попреченост – ПОРАКА Битола и Здржението за аутизам „Марко Поло Експлорер" – Битола.**





**Просториите ги обезбеди Општина Битола, а Министерството за труд и социјална политика издвои средства за реновирање, адаптирање и опремување, со цел истите да бидат ставени во функција. Во посебни простории ќе функционираат социјален клуб за лица со интелектуална попреченост и едукативен центар за лица со аутизам.**






**„Мислам дека е многу значајно, затоа што тоа е една категорија на наши граѓани за кои треба многу љубов и многу трпение. Општина Битола направи еден голем чекор со овие две здруженија и Министерството за труд и социјална политика. Се работи за деца и лица за кои треба да направиме се нивниот талент да дојде до израз", изјави Градоначалникот на Општина Битола, Владимир Талески на отварањето на работните простории.**

ISSN 0350-5863